Врз основа на член 16 а во врска со член 17 став (2) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 14 став (2) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за измена на Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулираниот период 2024-2026 година**

1. Во Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулиран период 2024-2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 130/24) во точката 1, потточка 3 се менува и гласи:
    - „ за 2026 година
        - за категорија домаќинства во износ од 39,70 ден/m³;
        - за категорија останати во износ од 63,52 ден/m³. “
2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 јуни 2026 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП ВОДОВОД Битола, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-327/23 од 15 мај 2023 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулиран период 2024-2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/23).

ЈКП ВОДОВОД Битола, на 21 декември 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги достави Заклучок на Советот на општина Битола бр. 09–160/24 од 21 декември 2023 година, со кој се одбива и не се дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола бр.02-1149/3 од 14 декември 2023 година.

Со оглед на тоа што во законски утврдениот рок од Советот на општина Битола не е дадена согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водна услуга Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16) и член 14 став (7) и член 16 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/17) донесе Решение за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08–327/23 од 4 март 2024 година, ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/24).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги врз основа на член 16 од Законот за утврдување на цени на водните услуги и член 16 Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/17), донесе Решение за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулиран период од 2024-2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.130/24).

ЈКП ВОДОВОД Битола, согласно член 17 став (2) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 14 став (3) а во врска со член 13 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.128/24) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги поднесе Барање за изменување на План за прилагодување по исклучок бр. 03-941/2 од 23 декември 2025 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр. 08-2135/25 од 29 декември 2025 година (во натамошниот текст: Барање).

Со Барањето, побара поведување на постапка за измена за Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2024 - 2026 година, на ЈКП ВОДОВОД Битола.

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ утврден согласно методологијата;
2. Пропратно писмо со образложение на барањето;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП ВОДОВОД Битола во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за 2026 година од регулираниот период 2024-2026 година:

| Опис | Ед.мерка | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 321.936.898 | 330.387.905 |
| Амортизација | денари | 30.039.094 | 32.728.847 |
| Средства за ликвидност | денари | 1.837.499 | 1.899.308 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 58.793.128 | 58.201.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 15.523.782 | 16.744.914 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 369.337.273 | 381.760.973 |
| **Количина** | $m^3$ | 5.996.309 | 5.996.309 |
| **Пондерирана просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 60,11 | 62,08 |
| **Минимална пондерирана тарифа** | ден/$m^3$ | 58,63 | 60,49 |
| **Максимална пондерирана тарифа** | ден/$m^3$ | 61,59 | 63,67 |

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 13 февруари 2026 година по комплетирање на поднесената документација, го објави Барањето на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

При анализа на доставените податоци во Барањето за изменување на План за прилагодување по исклучок согласно член 17 од Законот за утврдување на водни услуги, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2026 |
|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 291.029.578 |
| Амортизација | денари | 24.311.157 |
| Средства за ликвидност | денари | 1.654.124 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 11.512.612 |
| Принос на регулирани средства | денари | 15.484.013 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 332.478.872 |

| | | |
|---|---|---|
| Категорија - домаќинства | ден/$m^3$ | 39,70 |
| Количина - домаќинства | $m^3$ | 4.912.102 |
| Категорија - останати | ден/$m^3$ | 63,52 |
| Количина - останати | $m^3$ | 1.888.724 |

По извршената анализа на податоците доставени во прилог на Барањето за изменување на План за прилагодување по исклучок согласно член 17 од Законот за утврдување на водни услуги како и дополнително побарани податоци, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за регулираниот за 2026 година ги измени трошоците, како што е подетално објаснето во продолжение:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар со исклучок на трошокот за електрична енергија, се пресметани согласно реализираните трошоци за 2025 година со додадена инфлација за наредната година, додека трошокот за електрична енергија е пресметан согласно добиени податоци за потрошувачката по kWh за 2025 година. Истите во вкупен износ се утврдени да изнесуваат 105.663.131 денари за 2026 година;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 5.567.624 денари за 2026 година;
3. Трошоците за осигурување на основни средства се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 3.130.086 денари за 2026 година;
4. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно доставени податоци за бројот на вработени и декларацијата на исплатени плати од декември 2025 година. Истите се утврдени да изнесуваат 154.166.400 денари за 2026 година;
5. Трошоците за други услуги не се променети и се утврдени согласно одобрените трошоци од Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 130/24);
6. Останатите и вонредните трошоци се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 13.735.677 денари за 2026 година;
7. Даноците, придонесите и другите давачки кои не зависат од резултатот се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 552.583 денари за 2026 година.

Амортизацијата на ново набавените сопствени основни средства со кои се врши водната услуга е признаена согласно процентот на реализирани инвестиции во последните 5 години. Согласно тоа, амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 23.939.803 денари за 2026 година. Додека амортизацијата на бесплатно добиени средства е утврдено да изнесува 371.354 денари за 2026 година.

При пресметката на количината на испорачана вода, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го зема во предвид процентот на неприходоувана вода од 2025 година кој изнесува 61,46%. Согласно тоа, за 2026 година е предложено намалување на неприходуваната вода, при што вкупната количина е утврдена на 6.800.826 $m^3$.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 47,60 ден/$m^3$ за 2026 година.

Соодветно на горенаведеното, регулаторната тарифа за категоријата на корисници – домаќинства од Битола изнесува 39,70 ден/$m^3$ за 2026 година, додека за категоријата на корисници – останати изнесува 63,52 ден/$m^3$ за 2026 година.

При утврдување на регулаторната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење

или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите и даноците утврдени со закон.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го задолжува ЈКП ВОДОВОД Битола да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-758/2 од 15 мај 2026 година одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 15 мај 2026 година одржа седница на која донесе Решение за измена на Решението за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП ВОДОВОД Битола за регулираниот период 2024-2026 година .

Решението на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16).

**УП1 бр. 08-2135/25**
**15 мај 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување со комунален отпад на**
**Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**